# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 5 * година V * четврток, 29.04.2010 година * Карпош * цена:
Излегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk www.karpos.gov.mk

Скопје, април 2010 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/02),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општината Карпош бр.1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за прв квартал 2010 година**

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за прв квартал 2010 година донесен на Деветнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 април 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

Број 08-3122/1
29.04.2010 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа /“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02/ и член 16 од Статутот на Општина Карпош /“Службен гласник на Општината Карпош“ бр. 01/06/, Советот на Општина Карпош на Деветнаесеттата седница одржана на 28 април 2010 година донесе

## З А К Л У Ч О К
**за усвојување на Кварталниот извештај за прв квартал 2010 година.**

1.Се усвојува Кварталниот извештај за прв квартал 2010 година.

2. Овој Заклучок да се објави во "Службен гласник на Општина Карпош", а влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

Број 07-2823/ 1
28.04.2010 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
на Советот на Општина Карпош
Трифун Трифуновски ,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /"Службен весник на Република Македонија" бр.5/02/,а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош /“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06/ Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2010 година**

1.Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2010 година донесена на Деветнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 април 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 08-3122/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.04.2010 година НА ОПШТИНА КАРПОШ
Скопје Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02/, а во врска со член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа /„Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04; 96/04; 67/07 и 156/09/, Советот на Општина Карпош на Деветнаесеттата седница, одржана на 28 април 2010 година донесе

**О Д Л У К А**

за изменување и дополнување на Одлуката за извршување
на Буџетот на Општина Карпош за 2010 година

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2010 година, со бр. 07-4157/9 од 18.11.2009 година/„Службен гласник на Општината Карпош“ бр. 17/09 и 19/09/ се вршат следните измени и дополнувања:

- во член 21, став 1 на крајот од реченицата точката се брише и се става запирка по што се додаваат зборовите: „во рамките утврдени со закон“.
- во член 21, став 2 процентот од „84%“ се заменува со процент од „70%“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила, наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Карпош“.

Број 07- 2823/2
28.04.2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( ″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/02),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош(“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за определување на надоместокза присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци на членовите на Советот на Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за определување на надоместокза присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци на членовите на Советот на Општина Карпош донесена на Деветнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 април 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

Број 08- 3122/3
29.04.2010 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 45 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на Република Македонија“ бр. 5.02/, а во врска со член 29-б, став 1, алинеа 4 од Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката /„Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/90; 38/91; 23/97; 37/05; 84/05; 121/07; 161/08; 92/09 и 42/10/, Советот на Општина Карпош на Деветнаесеттата седница, одржана на 28 април 2010 година, донесе

## О Д Л У К А

за изменување на Одлуката за определување на надоместок
за присуство на седници и надоместок на патните и дневните
трошоци на членовите на Советот на Општина Карпош

**Член 1**

Во Одлуката за определување на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци на членовите на Советот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општината Карпош“ бр. 21/07 и 4/09/ се врши измена во член 3, став 1, начин што процентот од „84% “ се заменува со процент од „70%“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила, наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 07- 2823/3
28.04.2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( "Службен весник на Република Македонија" бр.5/02),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош("Службен гласник на Општината Карпош" бр.1/06) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на надоместок за градежно неизградено земјиште за населените места на подрачјето на Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за утврдување на надоместок за градежно неизградено земјиште за населените места на подрачјето на Општина Карпош донесена на Деветнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 април 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 08-3122/4
29.04.2010 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002) Советот на Општина Карпош на Деветнаесеттата седница одржана на 28 април 2010 година донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на надоместок за градежно неизградено земјиште за населените места на подрачјето на Општина Карпош**

Член 1

Се утврдува надоместок за градежно неизградено земјиште за населените места на подрачјето на Општина Карпош: с.Бардовци , Злокуќани и с.Горно Нерези.

Член 2

Со оваа Одлука се утвредува видот, износот на надоместокот, начинот на плаќање и наменското користење на средствата прибрани од плаќањето на надоместокот .

Член 3

Градежното неизградено земјиште е опфатено со граници на плански опфат утврдени со урбанистичката документација за населено место, урбанистички план за село , урбанистички план вон населено место или друга усвоена планска документација

Член 4

За издавање одобрение за градење на градежно неизградено земјиште врз основа на проектна документација и барање од физички и правни лица се определуваат следните видови надоместоци :

1.Надоместок за изградба на стопански објекти од лесна индустрија, земјоделски објекти, сервиси, работилници, магацини, здравствени, деловни, комерцијални и други објекти

2 Надоместок за изградба на станбени објекти-семејни или заеднички

3.Надоместок за изградба на јавни објекти: училишта, здравствени објекти(болници,клиники,здравствени станици,амбуланти,апотеки), објекти од областа на културата и уметноста,шумарството , градежништвото и друго

4. Надоместок за изградба на помошни објекти-гаражи, летни кујни и слично.

Член 5

По истиот редослед се определува износот на таксата и тоа:

1.За изградба на стопански објекти од лесна индустрија, земјоделски објекти, сервиси, работилници, магацини, здравствени, деловни, комерцијални и други објекти се предвидува износ од 2.500,00 ден./м2 нето развиена површина.

2.За изградба на станбени објекти - семејни или заеднички се предвидува износ од 1.800,00ден./м2 нето развиена површина.

3.За изградба на јавни објекти како што се училишта, здравствени објекти(болници,клиники,здравствени станици,амбуланти, апотеки),објекти од областа на културата и уметноста,шумарството,градежништвото и друго ќе бидат ослободени од од обврската за плаќање комунална такса, доколку се ослободени со закон во спротивно комуналната такса ќе изнесува 1.500,00 ден./м2 нето развиена површина.

4.За изградба на помошни објекти-гаражи, летни кујни и други помошни простории и настрешници изнесува 300,00 ден./м2 нето развиена површина.

Член 6

Подносителот на барањето врши уплата на жиро сметка на Буџетот на Општина Карпош, врз основа на изготвена пресметка од страна на Секторот за урбанизам на Општина Карпош.

Уплатата на средствата наведени во член 5 на оваа Одлука се врши еднократно.

Подносителите на барањето по достава на признаница за уплатен надоместок добиваат согласност за продолжување на постапката за реализација на проектната документација.

Член 7

Средствата собрани по основ на овие надоместоци од член 1 на оваа Одлука се приход на Општина Карпош и наменски се користат за комунални дејности вградени во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07- 2823/ 4**
**28.04. 2010 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**на Советот на Општина Карпош**
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( ″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/02), а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општината Карпош“ бр.1/06) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за изработка на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) за Општина Карпош**

1.Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за изработка на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) за Општина Карпош донесен на Деветнаесеттата седницата на Советот на Општина Карпош одржана на 28 април 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-2823/5**
**29.04.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа /Службен весник на Република Македонија бр.05/02/ и член 16 од Статутот на Општина Карпош /“Службен гласник на Општината Карпош“ бр.01/06/, Советот на Општина Карпош на Деветнаесеттата седница одржана на 28 април 2010 година донесе

## З А К Л У Ч О К
**за усвојување Иницијативата за изработка на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) за Општина Карпош**

1.Се усвојува Иницијативата за изработка на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) за Општина Карпош.

2. Овој Заклучок да се објави во "Службен гласник на Општината Карпош", а влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

**Број 07-2823/ 5** **ПРЕТСЕДАВАЧ**
**28.04.2010 година** **на Советот на Општина Карпош**
**Скопје** **Трифун Трифуновски ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( ″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/02), а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општината Карпош“ бр.1/06) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за пристапување кон изработка на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) за Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за пристапување кон изработка на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) за Општина Карпош донесена на Деветнаесеттата седницата на Советот на Општина Карпош одржана на 28 април 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08-3122/6**
**29.04.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 60 и член 62 од Законот за животната средина (“Службен весник на Република Македонија” бр.53/05, 81/05, 24/07 и 159/08 ), Советот на Општина Карпош на Деветнаесеттата седница одржана на 28 април 2010 година донесе

## ОДЛУКА
## за пристапување кон изработка на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) за Општина Карпош

Член 1

Со оваа Одлука се пристапува коон изработка на ЛЕАП за Општина Карпош.

Член 2

ЛЕАП-от за Општина Карпош треба да биде изработен во текот на 2010 година.

Член 3

Средствата за изработка на ЛЕАП-от за Општина Карпош се обезбедуваат од Буџетот на Општина Карпош за 2010- година, во износ од 500.000,00 денари.

Член 4

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе процедурата за изработка на ЛЕАП-от за Општина Карпош.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општината Карпош”.

**Број 07- 2823/6**
**28.10. 2010 год.**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Карпош**
**Претседвач,**
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( ″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/02), а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општината Карпош“ бр.1/06) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства на Синдикалната организација при Локалната самоуправа Карпош**

1.Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства на Синдикалната организација при Локалната самоуправа Карпош донесена на Деветнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 април 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Бро 08-3122/7**
**29.04.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002) Советот на Општина Карпош на Деветнаесеттата седница одржана на 28 април 2010 година донесе

**О Д Л У К А**
**За доделување финансиски средства на Синдикалната организација при Локалната самоуправа Карпош**

Член 1

Се се доделуваат финансиски средства на Синдикалната организација при Локалната самоуправа Карпош во износ од 350.000,00 денари.

Член 2

Средствата утврдени во член 1 на оваа Одлука ќе се користат за реализирање на активностите на Синдикалната организација при Локалната самоуправа Карпош за 2010 година и тоа:

-спортско рекреативни активности вклучувајќи и учество на работнички спортски игри

-активности за подготвување и оспособување на вработените преку учество на семинари и работилници од повеќе области поврзани со надлежностите на Општината

-активности во пролетни и есенски акции за разубавување на Општината.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука се предвидени во Буџетот на Општина Карпош за 2010 година, Програма ЕО- Општинска администрација, ставка 463-Трансфер до невладини организации,потставка463110-Трансфер до здруженија на граѓани и фондации.

Член 4

После реализацијата на наведените активности, Синдикалната организација при Локалната самоуправа Карпош да достави извештај до Советот на Општина Карпош за нивната реализација.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 07- 2823/7** — **ПРЕТСЕДАВАЧ**
**28.04. 2010 година** — **на Советот на Општина Карпош**
**С к о п ј е** — **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( ″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/02), а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општината Карпош“ бр.1/06) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за формирање Совет за заштита на потрошувачите на Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за формирање Совет за заштита на потрошувачите на Општина Карпош донесена на Деветнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 април 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број08-3122/8** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**29.04.2010 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 56 од Законот за локалната смоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), член 126 од Законот за заштита на потрушувачите (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/04, 77/07 и 103/08) и член 31 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општината Карпош“ бр.1/06) Советот на Општина Карпош на Деветнаесеттата седница одржана на 28 април 2010 година донесе

**ОДЛУКА**
**за формирање Совет за заштита на потрошувачите на Општина Карпош**

Член 1

Со оваа Одлука се формира Совет за заштита на потрошувачите на Општина Карпош.

Член 2

Советот за заштита на потрошувачите на Општина Карпош е составен од 10 членови, претставници на поголемите групи на корсници на јавните услуги во Општината.

За членови на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Карпош се именуваат:

1 Атанасовска Душанка претставник од У.З. “Влае I“
2.Поп-Николовски Мирослав претставник од У.З.“Влае II“
3.Антони Ристовски претставник од М.З. “Злокуќани“
4,Голубовиќ Весна претставник од У.З.Владо Тасевски“
5.Петровски Злате претставник од У.З.“П.Б.-Кочо“
6. Дамевски Кузман претставник од У.З.“К.Ј.-Питу“
7. Цвета Добревска претставник од У.З. “Карпош 3“
8.Филип Блажевски претставник од МЗ“Карпош 1“
9.Манчевска Офелија претставник од У.З.“Тафталиџе 2“
10.Стефановска Славица претставник од У.З.“Карпош 2

Член 3

Претседателот на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Карпош го избираат членовите на Советот на потрошувачи од своите редови, на посебна седница со мнозинство гласови од вкупниот број на членови

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општината Карпош“.

Број 07- 2823 /8
28.04.2010 год.
Скопје

Претседавач,
на Советот на Општина Карпош
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/02), а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општината Карпош“ бр. 1/06) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ“ Војдан Чернодрински“ - Општина Карпош-Скопје**

1.Се објавува Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ“ Војдан Чернодрински“ - Општина Карпош- Скопје донесено на Деветнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 април 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

Број 08-3122/9
29.04.2010 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 124, став 3 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08 ), Советот на Општина Карпош на Деветнаесеттата седница одржана на 28 април 2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ“ Војдан Чернодрински“ - Општина Карпош- Скопје**

1.Се разрешуваат членовите во Училишниот одбор на ОУ“ Војдан Чернодрински“-Општина Карпош Скопје, досегашни претставници на Општина Карпош :

- Стојков Маријан и
- Милевски Ристе

2.За членови во Училишниот одбор на ОУ“ Војдан Чернодрински“ за период од 4 (четири) години се именуваат следните претставници на Општина Карпош:

-Стојков Маријан и
-Цветковска Гордана

2.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 2823/9
28.04. 2010 год.
Скопје

Претседавач,
на Советот на Општина Карпош
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( ″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/02),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош( “Службен гласник на Општината Карпош“ бр.1/06) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Планот за дополнување на планот за создавање на систем на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци**

1.Се објавува Планот за дополнување на планот за создавање на систем на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци донесен на Деветнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 април 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

Број 08- 3122/10
29.04.2010 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05 и 103/08), а во врска со член 10, став 2, алинеја 1 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09), Советот на Општина Карпош на Деветнаесеттата седница, одржана на 28 април 2010 година, донесе

# П Л А Н
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА СОЗДАВАЊЕ СИСТЕМ НА ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

I. Во Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 20/2010), во делот II. Обработка на личните податоци по точката 4 се додаваат пет нови точки 5, 6, 7, 8 и 9 кои гласат:

„5. Сектор за правни работи

- Име и презиме;
- Број на лична карта;
- Матичен број;
- Адреса.

6. Одделение за стручно административни работи

- Име и презиме;
- Број на лична карта;
- Матичен број;
- Адреса;
- Број на трансакциска сметка;
- Износ на месечни приходи;
- Брачен статус;
- Социјален статус;
- Имотен лист;

- Катастарски лист кој содржи лични податоци, но неговото издавање и обработка не е во надлежност на Општина Карпош.

7. Сектор за јавни набавки
    - Име и презиме;
    - Број на лична карта;
    - Матичен број;
    - Адреса;
    - Број на трансакциска сметка.

8. Сектор за инспекторат
    - Име и презиме;
    - Адреса;
    - Имотен лист;
    - Катастарски лист кој содржи лични податоци, но неговото издавање и обработка не е во надлежност на Општина Карпош.“

9. Сектор за информатичка технологија
    - Име и презиме;
    - Број на лична карта;
    - Матичен број;
    - Адреса;
    - Број на трансакциска сметка;
    - Износ на месечни приходи;
    - Брачен статус;
    - Социјален статус;
    - Имотен лист;
    - Катастарски лист кој содржи лични податоци, но неговото издавање и обработка не е во надлежност на Општина Карпош.“

II. Овој план се објавува во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-2823/ 10 — ПРЕТСЕДАВАЧ
28.04.2010 година — НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ

Скопје Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /"Службен весник на РМ" бр.5/02/,а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош(“Службен гласник на Општината Карпош“бр.1/06) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за едукација на ученици од основните училишта за превенција од дијабетес и прекумерна тежина**

1.Се објавува Програмата за едукација на ученици од основните училишта за превенција од дијабетес и прекумерна тежина донесена на Деветнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 април 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

Број 08-3122/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.04.2010 година НА ОПШТИНА КАРПОШ
Скопје Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 62 став 1 точка 6, од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) Советот на Општина Карпош на Деветнаесеттата седница одржана на 28 април 2010 година донесе

ПРОГРАМА
За едукација на ученици од основните училишта за превенција од дијабетес и прекумерна тежина

## 1.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

- Отварање на темата за прекумерна тежина и дијабет пред децата од училишна возраст
- Предочување на опасностите од овие две состојби
- Развивање на интерес кај децата за грижа за сопственото здравје
- Создавање на правилни навики во исхраната на децата
-

## 2.ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ

- намалување на процентот на деца со прекумерна тежина
- превенција од дијабет кај деца
- создавање на едукативни алатки кои ќе можат да се користат во редовната настава

## 3.НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Реализацијата на едукацијата би се одвивала во вид на интерактивни предавања во траење од 2 наставни часа со ученици од шесто и седмо одделение во сите училишта на територија на општина Карпош.

За таа цел ќе се направи распоред во договор со раководниот кадар во училиштата и предметните наставници по биологија. Распоредот треба да обезбеди опфат на целата популација на ученици од споменатите одделенија, а бројот на наставните часови ќе зависи од бројот на паралелките. Наставните часови треба да се реализираат вон неделниот распоред на паралелките како екстракурикуларна активност.

Активностите би требало да се организираат во соодветни простории со учество на најмногу 50-ина ученици.

Во текот на часовите ќе бидат користени соодветни анимирани презентации и нагледни средства кои им помогнат на децата во полесно разбирање на овие содржини.

Во текот на наставата ќе се организира и работилница каде што учениците ќе учествуваат во дискусија, ќе изработат некоја групна задача на соодветно зададени теми и проблеми прилагодени на нивниот интерес и возраст.

## 4.МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Мониторингот ќе биде спроведен од тим кој не учествува во реализацијата на Програмата, составен од претставник на наставниот кадар по биологија, претставник од општината и претставник на ОСУСОК. Тимот за мониторирање ќе посетува часови и ќе ја следи имплеметацијата на програмата од дидактички, методски и педагошки аспект.

Евалуцаијата ќе се изведе со писмена проверка на обработените теми презентирани за време на едукацијата, кои ќе бидат едноставни и забавни.

ПО завршување на учебната година, тимот за мониторирање ќе треба да подготви и свој извештај во кој ќе даде осврт на реализацијата на Програмата со препораки за нејзино евентуално организизирање во иднина.

## 5.ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА

| ДАТУМ | АКТИВНОСТ | НОСИТЕЛ-И |
|---|---|---|
| **20.04.2010** | **Усвојување на програмата** | **Совет** |
| **20.04 - 10.06.2010** | **Реализација на програмата** | **Татјана Ѓорговски** |
| **30.06.2010** | **Извештај за реализација** | **Татјана Ѓорговски** |
| **30.09.2010** | **Програма за 2011** | **ОСУСОК,** |

## 6.СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе ги содржи следниве теми:

1. ЗОШТО Е БИТНА ЕДУКАЦИЈАТА?
2. ШЕКЕРНА БОЛЕСТ
3. ДЕБЕЛИНА
4. ЗДРАВА ХРАНА
5. ПИРАМИДА НА ИСХРАНА
6. ЈАГЛЕНИ ХИДРАТИ (шекери),ПРОТЕИНИ,МАСТИ,ВИТАМИНИ И МИНЕРАЛИ,ВОДА
7. ЧИТАЊЕ НА ЕТИКЕТИ ОД ПРОИЗВОДИ
8. АЛТЕРНАТИВИ НА ОМИЛЕНА ХРАНА
9. ФИЗИЧКА АКТИВНОСТ
10. ПРОМЕНА НА НАВИКИ ЗАРАДИ ЗДРАВ ЖИВОТ
11. РАБОТИЛНИЦА

## 7.ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| НАМЕНА | СУМА |
|---|---|
| Хонорар за предавачот **x 1.500** | **15.000** |
| Потрошен материјал (хартија за фотокопирање) | **15.000** |
| Организација | **20.000** |
| **ВКУПНО** | **50.000** |

8. Програмата ќе ја спроведе Општинскиот Сојуз за Училишен спорт на Општина Карпош и веднаш по нејзиното реализирање е должен до Советот на Општина Карпош да достави Извештај за реализација на Програмата.

9. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

Бр.07-2823/ 11
28.04.2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа / "Службен весник на РМ" бр.5/02/,а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош(“Службен гласник на Општината Карпош“бр.1/06) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Исправка**

1.Се објавува Исправка на техничка грешка во Програмата за унапредување на наставата по физичко и здравствено воспитување во одделенската настава на подрачјето на Општина Карпош, донесена на Деветнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 април 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 08-3122/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.04.2010 година НА ОПШТИНА КАРПОШ
Скопје Стевчо Јакимовски, с.р.

По извршената проверка на изворниот текст на Програмата за унапредување на наставата по физичко и здравствено воспитување во одделенската настава на подрачјето на Општина Карпош, бр.07-1946/12 од 23.03.2010 година (“Службен гласник на Општината Карпош“ бр.04/10) утврдено е дека во текстот на Програмата направена е техничка грешка,заради што Советот на Општина Карпош на Деветнаесеттата седница одржана на 28 април 2010 година врши

## И С П Р А В К А

1.Во Програмата за унапредување на наставата по физичко и здравствено воспитување во одделенската настава на подрачјето на Општина Карпош пред текстот за објавување на истата се додава нов текст кој гласи:

- “Програмата ќе ја спроведе Општинскиот Сојуз за Училишен спорт на Општина Карпош и веднаш по нејзиното реализирање е должен до Советот на Општина Карпош да достави Извештај за реализација на Програмата“.

2. Оваа исправка ќе се објави во “Службен гласник на Општината Карпош“.

Бр. 07-2823/12 ПРЕТСЕДАВАЧ
28.04.2010 година на Советот на Општина Карпош
С к о п ј е Трифун Трифуновски,с.р.

## С О Д Р Ж И Н А

1.- Заклучок за усвојување на
Квартален извештај за прв
квартал 2010 година со Решение за објавување ........................................ 2-3

2.-Одлука за изменување на Одлуката
за извршување на Буџетот на
Општина Карпош за 2010 година со Решение за објавување ................4-5

3.-Одлука за изменување на Одлуката
за определување надоместок за
присуство на седници и надоместок
на патни и дневни трошоци на членовите
на Советот на Општина Карпош со Решение за објавување ................6-7

4.-Одлука за утврдување на надоместок
за градежно неизградено земјиште за
населените места на подрачјето на Општина Карпош
со Решение за објавување ...............................8-10

5.-Заклучок за прифаќање на Иницијативата за
изработка на ЛЕАП за Општина Карпош со
Решение за објавување .................................11-12

6.-Одлука за пристапување кон изработка
на ЛЕАП за Општина Карпош со
Решение за објавување ......................................13-14

7.-Одлука за доделување финансиски
средства на Синдикалната организација
при Локалната самоуправа Карпош со

Решение за објавување ......................................15-16

8.-Одлука за формирање Совет за
заштита на потрошувачи на
Општина Карпош со Решение за објавување ......................................17-18

9.-Решение за разрешување и именување
на членови во Училишниот одбор на
ОУ“ Којдан Чернодрински“ - Општина Карпош- Скопје
со Решение за објавување ..................................19-20

10-План за дополнување на Планот за
создавање систем на технички и организациски
мерки за обезбедување тајност и заштита на
обработката на личните податоци со Решение за објавување .........21-23

11.-Програма за едукација против дијабет и
прекумерна тежина со Решение за објавување ....................................24-27

12.–Исправка на техничка грешка со
Решение за објавување ......................................28-29

**Издава**: Општина Карпош, **Уредува:** Сектор за правни работи-
Одделение за поддршка на работата на Советот на Општина Карпош
Бул.“Партизански одреди бр. 68, тел.: 3065-925 тираж: 70 примероци